| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Влада на Република Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Џељаљ Бајрами, министер за труд и социјална политика<br><br>Спиро Ристовски, заменик на министерот за труд и социјална политика |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Стојан Трајанов, државен советник во Министерството за труд и социјална политика<br><br>Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика |

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката по скратена постапка

Скопје, ноември 2008

ВОВЕД:

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката ( “Сл. весник на РМ” бр. 36/90, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05 и 121/07) се уредува начинот на пресметување на платите и останатите примања на избраните и именуваните лица, при што како основица за пресметка на платата е нето платата во Републиката ( член 11), а во членот 27 за исплата на надоместоците како основица за исплата на дневниците за службени патувања, одвоен живот од семејството е предвидено да зе зема исплатената плата во Републиката, а за надоместокот на трошоците за погреб износ на платата на функционерот и тоа во висина од две плати на починатиот функционер.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката ( “Сл. весник на РМ” бр. 121/07), се утврди висината и условите на месечниот надоместок на членовите на советот на опшините и на членовите на Советот на Град Скопје, односно се утврди максималното ниво на надоместокот, кое може да се исплаќа за членовите на советот и за членовите на советот на Град Скопје.

Согласно со Законот, месечниот надомест се исплатува во висина до 70% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година. Секоја општина висината ја утврдува со одлука за извршување на буџетот на општината и Буџетот на Град Скопје и тоа максимум до утврденото ниво. Така, согласно со Законот, максималното ниво на месечен надоместок за членовите на советот на општините и членовите на Советот на Град Скопје за 2008 година изнесува до 10.209 денари.

Со ваквото законско решение, не е дадена можност надоместокот да се зголемува во текот на годината, како што тоа се врши за платите на вработените во јавниот сектор во септември 2007, 2008 и 2009 година.

Поради оваа, Владата на Република Македонија на седумнаесетата седнаца одржана на 29.09.2008 година, донесе заклучок со кој го задолжи Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерство за финансии, да подготви текст на Закон за изменување и дополнување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката во кој да се предложи за зголемување на месечниот надоместок на членовите на Советот на општините и членовите на Советот на град Скопје за 20%.

Со измените и дополнувањата на Законот плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, која се предлага, ќе се конкретизира основицата врз основа на која треба да се пресметува и исплаќа плата согласно Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување и ќе се создаде законска основа и можност надоместоците на членовите советот на општините и членовите на Советот на Град Скопје, да се зголемат за 20%.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со донесување на Законот ќе се обезбеди усогласување на истиот со Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување и ќе се создаде законски основ и можност за корекција на надоместоците на членовите советот на општините и членовите на Советот на Град Скопје.

Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.

Законот ги содржи и основните решенија на измените и дополнувањата кои се содржани во Предлог Законот.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија. Средствата за надоместокот за членовите на советот на општините и Советот на Град Скопје, ќе се исплатуваат од буџетите на единиците на локалната самоуправа и Буџетот на Град Скопје, доколку се донесе одлука за зголемување на постојното ниво на надоместокот.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНА ОБВРСКА ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Секоја општина висината ја утврдува со одлука за извршување на буџетот на општината и Буџетот на Град Скопје и тоа максимум до утврденото ниво, во зависност од своите финансиски можности. Така, согласно со Законот, максималното ниво на месечениот надоместок за членовите на советот на општините и членовите на Советот на Град Скопје за 2008 година кое се исплатува до 10.209 денари, може да изнесува до 12.251,00 денари.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИТЕ НАДОМЕСТОЦИ НА ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ДРУГИТЕ ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКАТА

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон согласно со член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ( “Службен весник на РМ” бр. 91/08), туку се врши усогласување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

за изменување  на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката

Член 1

Во Законот за  плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката ( ,,Службен весник на РМ,, бр.36/90 и ,,Службен весник на Република Македонија,,  бр. 38/91. 23/97, 37/05, 84/05 и 121/07) во членот 11 зборот “нето” се брише.

Член 2

Во членот 27, став 1 се менува и гласи:

“ Надоместоците за определени трошоци на избраните и именуваните лица во Републиката, се утврдуваат според висината на трошоците а може да изнесуваат:”

Во ставот 1, точка 1), во алинејата 1  по зборот “просечната” се додава зборот “нето”.,.

Во ставот 1, точка  1),  во алинејата 3 зборовите: “за пратеник во Собранието на Република Македонија, функционерот и раководен работник се определува со одлука што ја донесува надлежното тело на Собранието  “ се заменуваат со зборовите:” согласно Уредбата за издатоците за службен пат и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци. “

Во ставот 1, во  точката 3) бројот “70%” се заменува со бројот “30%”, а по зборот “просечната” се додава зборот “нето”.

Во ставот 1 во точка 6) зборовите: “и во висина на трикратен износ на просечната месечна нето плата  по работник исплатен во Република Македонија во претходните три месеци”, се заменуваат со зборовите: “во висина на двократен износ од просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата”.

Во ставот 1 точка 7) се менува и гласи:

“7) надоместокот на трошокот за погреб во износ од две просечни месечни нето плати на функционерот, а ако трошоците за погреб не ги поднесува неговото семејство- во износ на последната нето плата на починатиот  функционерот ”.

Член 3

Членот 28 се менува и гласи:

“Член 28

На избраните и именуваните лица во Републиката им припаѓ и:

1) надомст на плата во случаите на неспособност за работа поради негова болест или повреди до 21 ден под услови и износ утврдени за работниците во органот во кој ја врши функцијата, и .

2) надомест на трошоците за превоз заради посета на потесното семејство од кое функционерот живее одвоено до четири патувања месечно, со правдање на трошоците за превоз, ако не прима надоместок за одвоен живот од семејството, а нема право на бесплатен превоз “.

Член 4

Во членот 29-б, бројот “70%” се заменува со бројот “84%”.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен весник на Република Македонија, а одредбите од член 1 и 2 ќе отпочнат да се применуваат од 1. јануари 2009 година „

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со членот 1, односно со бришење на зборот “нето” , како основица за пресметување на платите на функционерите е просечната плата во Републиката од претходната година, односно бруто платата.

Со членот 2 се изврши допрецизирање на основиците за пресметување на дневниците за службени патувања и одвоен живот од семејството, при што како основица како и досега е просечната месечна нето плата по вработен во Републиката, а износот на испратнината при заминување на функционерот во пензија се изедначува со износот на останатите вработени кои средствата за плати и други надоместоци ги обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Со членот 3 се врши измена на членот 28 и со истата се врши усогласување на решението со измените на законската регулатива во однос на периодот и времето на исплата на надомест за време на привремена неспособност за работа поради болест, односно во иста висина како и за вработените каде функционерот ја врши функцијата.

Со членот 4 се предвидува месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на советите на општините и на членовите на Советот на Град Скопје да може да се исплатува до 84 % од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година, односно досегашното утврдено ниво ( 14.584Х 70%= 10.209 денари) може да се корегира за 20% (14.584Х84%= 12.251,00 денари).

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа со изменувањето на Законот за плата и другите надомстоци на пратениците во Собраниетото на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката се врши усогласување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на иста правна работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања се врши усогласување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување во насока на имплементација на концептот на бруто плата.

Одредби
од Законот кои се изменуваат и дополнуваат на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката

Член 11

Основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Член 27

Надоместоците на определени материјални трошоци и други примања на пратеник во Собранието на Република Македонија, функционер и раководен работник, се утврдуваат според вистинските трошоци, а можат да изнесуваат:

1) дневница за службено патување во земјата без трошоците за ноќевање

- до 8% од просечната плата по работник исплатена во Република Македонија во претходните три месеци,

- трошоците за ноќевање се признаваат во полн износ, според приложената сметка, освен во хотелите од де лукс категорија,

- дневницата за службено патување во странство за пратеник во Собранието на Република Македонија, функционер и раководен работник се определува со одлука што ја донесува надлежното тело на Собранието;

2) надоместок на трошоците за користење автомобил во лична сопственост за службени цели - до износот што според еден изминат километар не може да биде поголем од 30% од продажната цена на еден литар гориво за возилото кое се користи;

3) надоместок поради одвоен живот од семејството до 70% од просечната месечна плата по работник, исплатен во Република Македонија во претходните три месеци;

4) надоместок за селидбени трошоци од местото на живеалиштето до местото во кое се врши функцијата, односно до местото на преселување во рок од една година од денот на престанување на функцијата. Во селидбени трошоци на функционерот се признаваат и трошоците за превоз на функционерот и на членовите на неговото домаќинство.

Селидбените трошоци и трошоци за превоз се исплатуваат врз основа на приложени сметки и документација, под услови утврдени со општиот акт на органот од член 3 на овој закон;

5) надоместок за користење на годишен одмор најмалку во висина на просечната месечена нето плата по работник исплатена во Република Македонија, во претходните три месеци;

6) испратнина при заминување во пензија и во висина на трикратен износ на просечната месечна нето плата поработник исплатен Република Македонија во претходните три месеци; и

7) надоместок на трошоците за погреб во износ од две последни месечни плати на починатиот функционер, односно пратеник, а ако трошоците за погреб не ги поднесува неговото семејство - во износ на последната месечен плата на починатиот функционер.

Член 28

На функционер и раководен работник му припаѓа и:

1) надоместок на трошоците за превоз во градскиот сообраќај до работното место и обратно, надоместок на трошоците за општествена исхрана, надоместок на плата за време на првите 30 дена од привремена спреченост за работа (боледување) и надоместок на плата за време на отсуствување според друга основа - под услови и во износ утврдени за работниците во работната заедница на органот во кој функционерот и раководниот работник работат; и

2) надоместок на трошоците за превоз заради посета на потесното семејство од кое функционерот и раководниот работник живее одвоено до четири патувања месечно, со правдање на трошоците за превоз, ако прима надоместок за одвоен живот од семејството, а нема право на бесплатен превоз.

Член 29-б

Месечниот надомест за присуство на седници на советот на Град Скопје се утврдува во процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година, но не повеќе од 70%.